До: м-р Драгица Љубевска, овластено лице од Директорот
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21, 154/2023), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

| Примено / Pranuar: 28-07-2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2964 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен, реализиран по повод:
   - Утврдување на усогласеност на работа на Трговско радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, во однос на нивното телевизиско емитување.

2. **Субјект на надзорот:** ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип.

3. **Период опфатен со надзорот:** од 21.07.2023 година заклучно со 28.07.2023 година.

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 јули 2023 година.

5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот сервис на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, реализиран во периодот од 21.07.2023 г. заклучно со 28.07.2023 г., констатирано е дека ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, не го усогласил своето работење согласно Заклучокот бр.02-2911/2 од 21.07.2023 година, од 24 седница на Советот на Агенцијата, односно не започнал со телевизиско емитување, што претставува основ за одземање на дозволата за телевизиско емитување, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето:**
ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, престанало со емитување на телевизискиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини. Наведениот радиодифузер своето работење го нема усогласено за периодот кој му беше даден за отстранување на законските пречки, што претставува основ за одземање на дозволата за телевизиско емитување, согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

9. **Предлог мерка:**

Согласно член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, се дава следната предлог мерка:

- да се одземе дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, Уп1 бр. 08-902 од 08.07.2015 година, врз основа на предлог на Директорот на Агенцијата, доставен согласно член 23 став 1 алинеја 3 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

***Сектор за информатичка поддршка и општи работи***